# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **01.03.2019 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 4** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за согласност на групи со поголем број на деца , односно помал број на деца во ЈОУДГ "Рахилка Гонева" – Свети Николе за учебната2018/2019 година бр. 0801- 395 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.03. 2019 година.

**Бр.0901-405**
**01.03. 2019 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.05/02) и член 64 став 5 од Законот за заштита на децата (,,Службен весник на РМ,, бр.23/13, 12/14, 44/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 01.03. 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за согласност на групи со поголем број на деца , односно помал број на деца во ЈОУДГ "Рахилка Гонева" – Свети Николе за учебната2018/2019 година**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на ЈОУДГ ,,Рахилка Гонева,, – Свети Николе во групите да има поголем број на деца, односно помал број на деца за учебната 2018/ 2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801- 395**
**01.03. 2019 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување на работно време во ЈОУДГ "Рахилка Гонева" – Свети Николе за учебната 2018/2019 година бр. 0801- 396 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.03. 2019 година.

**Бр.0901-405/2**
**01.03. 2019 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 05/02) и член 67 став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ„ бр.23/13, 12/14, 44/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 03.01. 2019 година донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на работно време во ЈОУДГ "Рахилка Гонева" – Свети Николе за**

**учебната 2018/2019 година**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе на ЈОУДГ „Рахилка Гонева„ – Свети Николе утврдува работно време за учебната 2018/2019 година со почеток од 05:30 и завршување до 17:00 часот во сите објекти кои работат во состав на оваа установа.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801- 396**

**01.03. 2019 година**

**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседател,**

**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување вредноста на бодот за пресметување на плата на административните службеници во ЈОУДГ „Рахилка Гонева Свети Николе„ за 2019 година бр. 0801- 397 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.03. 2019 година.

**Бр.0901-405/3** **Општина Свети Николе**
**01.03. 2019 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02), а в.в. со член 88 став 3 од Законот за административни службеници „Службен весник на РМ бр,. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2016, 05/2016, 142/2016 и 11/2018) и член 134 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ бр. 23/2013-консилидиран текст) и Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година на Владата на Република Македонија бр. 44-11638/1-18 од 08.01.2019 година, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 01.03. 2019 година донесе:

**Одлука**
**за измена и дполнување на Одлуката за утврдување вредноста на бодот за пресметување на плата на административните службеници во ЈОУДГ „Рахилка Гонева Свети Николе„ за 2019 година**

**Член 1**

Член 1 од Одлуката за утврдување вредноста на бодот за пресметување на плата на административните службеници во ЈОУДГ „Рахилка Гонева Свети Николе„ за 2019 година бр.0801-335 од 27.12.2018 година се менува и гласи: „ Вредност ана бодот за пресметување на плати за 2019 година на административните службеници вработени во ЈОУДГ „Рахилка Гонева Свети Николе„ за периодот од 01.01.2019 до 31.08.2019 година се утврдува во износ од 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година во износ од 81,10 денари.

**Член 2**

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0801- 397** **Совет на Општина Свети Николе**
**01.03. 2019 год.** **Претседател,**
**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Свети Николе за 2019 година бр. 0801- 398 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.03. 2019 година.

**Бр.0901-405/4**
**01.03. 2019 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на чл. 94,95,96 и 97 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 15/15...190/16), а во согласност со „Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависното од степенот на уреденост (Сл.весник на РМ бр. 193/16, 72/18) и чл. 15 од Статутот на општина Свети Николе (Сл.гласник на општина Свети Николе бр. 1/06), Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на ден 01.03. 2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Свети Николе за 2019 година**

Во „ Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Свети Николе за 2019 година“ донесена од Советот на општина Свети Николе под број 0801-314 од 13.12.2018 година во глава VI „Висина на комуналниот надоместок за уредување на градежно земјиште на територија на општина Свети Николе“ по ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„(6) За електрани за производство на електрична енергија од биомаса со моќност до 1MWсе плаќа надоместок од 2.000,00 ден/м2“.

Досегашните ставови (6) и (7) стануваат соодветно ставови (7) и (8).

Во насловите „индустриска зона СВЕТИ НИКОЛЕ“, „индустриска зона ОВЧЕ ПОЛЕ“ и „зона МАЛО СТОПАНСТВО“ по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„ За електрани за производство на електрична енергија од биомаса со моќност до 1MW се плаќа надоместок од 2.000,00 ден/м2“.

Во насловот „населени места во општина Свети Николе,

поднасловот „Прва зона“ по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„ За електрани за производство на електрична енергија од биомаса со моќност до 1MW се плаќа надоместок од 2.000,00 ден/м2“.

Во поднасловот „Втора зона“ по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„ За електрани за производство на електрична енергија од биомаса со моќност до 1MW се плаќа надоместок од 2.000,00 ден/м2“.

Во поднасловот „Трета зона“ по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„ За електрани за производство на електрична енергија од биомаса со моќност до 1MW се плаќа надоместок од 2.000,00 ден/м2“.

**Бр. 0801- 398**
**01.03. 2019 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Годишна програма за работа на општинскиот комунален инспектор во 2019 година бр. 0801- 399 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.03. 2019 година.

**Бр.0901-405/5**
**01.03. 2019 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА

### за работа на општинскиот комунален инспектор во 2019 година

**В О В Е Д – ЗАКОНСКА РАМКА**

Општинскиот овластен комунален инспектор врши надзор во согласност со законските прописи и другите правни акти со кои се регулирани прашањата од сферата на комуналните работи, како што се:

1. *Закон за комунални дејности* (Сл.весник на РМ бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15,31/16);

2. *Закон за јавна чистота*(Сл.весник на РМ бр.111/2008) и негови измени и дополнувања (Сл.весник на РМ бр.64/2009, 88/2010, 114/10,23/11,53/11,80/12, 163/13, 44/15, 147/15,31/16);

3. *Закон за определување на имиња* на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти (Сл.весник на РМ бр.66/2004)и негови измени и дополнувања Сл.весник на РМ бр.55/2007, 145/10, 136/11, 163/13, 147/15);

4. *Закон за гробишта и погребални услуги* (Сл.весник на РМ бр. 86/2008) негови измени и дополнувања (Сл.весник на РМ бр.156/2010, 53/11, 163/13, 152/15,31/16).

5. *Закон за инспекциски надзор* (Сл. Весник на РМ бр.50/10, 161/10 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15,53/16);

6. *Закон за општа управна постапка* (Сл. Весник на РМ бр.124/15);

7. *Закон за прекршоци* (Сл. Весник на РМ бр.62/06, 69/06, 51/11);

8. *Закон за постапување по претставки и предлози* (Сл. Весник на РМ бр.82/08, 56/09, 13/13);

9. *Закон за локална самоуправа* (Сл. Весник на РМ бр.5/02);

*10. Закон за административни службеници* (Сл. Весник на РМ бр.54/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04, 81/05, 108/05, 61/06, 31/07, 161/08, 6/09, 114/09, 35/10 и 76/10), 36/11, 6/12, 24/12, 15/13, 82/13, 106/13, 103/14);

*11.Закон за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ“ бр.79/09).*

*12.* З*акон за заштита и благосостојба на животните*

*12. Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување* („Сл.гласник на Општина Свети Николе“ бр.16/12).

*13.План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Свети Николе (2019-2021)*

## 1. ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА ДЕЛУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИОТ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР

- Општинскиот комунален инспектор (во понатамошниот текст инспектор) врши инспекциски надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на комуналните работи кои се во надлежност на Општина Св.Николе, согласно законските прописи и општи акти на Република Македонија;

- Инспекторот го врши инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;

- Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи;

- Навремено, економично, и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;

- Постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи;

- Инспекторот е самостоен при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор;

- При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторот ги превзема само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што осебено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;

- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси;

- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка;

- При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;

- При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

## 2. ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ СО УТВРДЕНА ДИНАМИКА

Инспекторот со цел да ги реализира поставените цели на програмата должен е да врши надзор над следниве задачи:

1. Постапувања/непостапување на физички и правни лица спротивно од (горенаведените ) законски прописи и други прописи поврзани со дејноста

2. Одржување на чистотата над јавните сообраќајни површини

3. Динамика и време за подигање на смет

4. Одржување на јавно зеленило

5. Одржување на хигиена и градскиот пазар

6. Поставување на урбана опрема од страна на угостителски трговски објекти кои користат јавни површини

**АКТИВНОСТИ**

- **да врши редовен инспекциски надзор** и тоа на:
  - Давателите на комунални услуги *Рок: континуирано јануари – декември;*
  - Корисниците на комунални услуги (правни и физички лица)

    *Рок: континуирано јануари – декември;*
  - Општината

    *Рок: континуирано јануари – декември;*

- **да врши контролни инспекциски надзори:** ќе се вршат за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица.

  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да врши вонреден инспекциски надзор** и тоа: по поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни лица кога ќе согледааат неправилности согласно законските одредби, како и во случај на сомневање на инспекторот за сторена повреда на Законот.

  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да води управна постапка** и тоа: врз основа на инспекцискиот надзор составува записник и донесува решенија и управни акти согласно одредбите од Законите каде има недлежност.

  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да спроведува постапки за порамнување** и тоа: секогаш кога ќе се согледааат неправилности согласно одредбите од Законите каде има надлежност.

  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да поднесува барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд или прекршочен орган во Министерството за транспорт и врски** и тоа: согласно одредбите од Законите каде има недлежност.

  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да врши едукација** и тоа: согласно одредбите од Законите каде таквата мерка е пропишана.

  *Рок: континуирано по донесување на сите подзаконски акти од страна на Министерот за транспорт и врски.*

- **да поднесува жалби** и тоа: согласно одредбите од Законите каде има надлежност.

  *Рок: по потреба во текот на годината.*

- **Води евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход**;

  *Рок: континуирано јануари – декември.*

## 3. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

При вршењето на инспекцискиот надзор општинскиот комунален инспектор ќе соработува со:

- Давателите на комунални услуги во општина: ЈП Комуналец– Св.Николе и ЈП Погребални услуги-Св.Николе, основани од Советот на општината.
- Државниот комунален инспекторат;
- Учество во работата на органите и телата на Здружението на комунални инспектори на Р.М.
- Соработка со граѓански здруженија, други органи и стручни установи при водењето на управната постапка.

## 4. АНАЛИТИЧКО – ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ

- Изработка на Годишен извештај за работата на Општинскиот комунален инспектор за тековната 2019 година.

  *(Рок на поднесување: 01. 03. 2020 год. )*
- Изработка на Предлог - Програма за работа на Општинскиот комунален инспектор за 2019 година.

  *( Рок на поднесување: 15. 12. 2018 год. )*

## 5. ПЛАНИРАНО УЧЕСТВО НА РАБОТИЛНИЦИ, СЕМИНАРИ, ТРЕНИНЗИ И ДРУГИ ОБУКИ

- Работилници за нацрт-закони, правилници и други подзаконски акти во постапка за донесување, во организација на Министерство за транспорт и врски, ЗЕЛС и Зружението на комунални инспектори на Р.М.и други обуки , семинари или тренинзи;
- Стручни работилници, јавни трибини или советувања за имплементација на одредбите од Законите каде има надлежност;
- Генерички обуки.

## 6. МЕСЕЧНИ ПЛАНОВИ ЗА РАБОТА НА КОМУНАЛНАТА ИНСПЕКЦИЈА

| **Работен план за инспекциски надзор** | | |
|---|---|---|
| **1. Распоред и динамика на инспекциски надзор** | *Месец (период)* | *Планирани надзори* |
| 1.1. Превентивен надзор на придржувањето до законските одредби и обврски на давателот и корисниците на комунални услуги по законот за јавна чистота и Одлуките за јавна чистота и комунален ред. | јануари - декември | континуирано |
| 1.2. Надзорот на чистењето на снегот, согласно законот за јавна чистота. | Јануарифевруар, ноември, декември | по потреба |
| 1.3. Обиколка на најфреквентните сообраќајници и другите уредени површини и превентивно делување на субјектите потенцијални нарушувачи на јавната чистоти со онечистување и зафаќање на јавните површини по однос на Законот за јавна чистота. | јануари - декември | континуирано |
| 1.4. Посета на секое населено место и увид во состојбата со јавната чистота, водоснабдувањето, одведувањето на урбаните отпадни води и другите области од надлежност на комуналната инспекција. | јануари - декември | еднаш годишно и по потреба |
| 1.5. Постапување по претставки од граѓани | јануари - декември | по потреба |
| 1.6. Поведување на постапки по Барања од страна на давателите на комунални услуги | јануари - декември | по потреба |
| **2. Други активности** | | |
| 2.1. Соработка и активности со други надлежни органи,институции, организации и здруженија | јануари - декември | по потреба |
| 2.2. Учество на работилници, семинари, обуки и др. | | |
| 2.3. Административни работи и прием на странки | | |

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**Бр.0801 -399** **Совет на Општина Свети Николе**

**01.03. 2019 год.** **Претседател,**

**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Годишна програма за работа на овластен/ата инспектор/ка за патен сообраќај за 2019 година бр. 0801- 400 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.03. 2019 година.

**Бр.0901-405/6** **Општина Свети Николе**
**01.03. 2019 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за работа на овластен/ата инспектор/ка за патен сообраќај за 2019 година

### В О В Е Д – ЗАКОНСКА РАМКА

Овластен/а инспектор/ка за патен сообраќај врши надзор во согласност со законските прописи и другите правни акти со кои се регулирани прашањата од сферата на вршењето на општинскиот превоз на патници како што се:

- Закон за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 06/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 129/15, 192/15, 193/15, 37/16 , 71/16 и 174/18 );

- Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на РМ“ бр.50/10, 161/10 и 147/13);

- Закон за општа управна постапка („Сл.весник на РМ“ бр.124/15);

- Закон за прекршоци („Сл.весник на РМ“ бр.62/06 и 51/11);

- Закон за постапување по преставки и предлози („Сл.весник на РМ“ бр.82/08 и 56/09)

- Закон за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и 38/08);

- Закон за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ“ бр.79/09).

## 7. ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА ДЕЛУВАЊЕ

- Овластен/а инспектор/ка за патен сообраќај (во понатамошниот текст инспектор/ка) врши инспекциски надзор над законитоста на вршењето на работите од обласра на општинскиот превоз согласно позитивните законски прописи и општи акти на Република Македонија;

- Инспектор/ката го врши инспекцискиот надзор со цел остварување на заштита на јавниот интерес на сите жители во општина Свети Николе, како и интересот на физичките и правните лица во согласност со јавниот интерес;

- Инспектор/ката во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на материјалните закони и другите прописи;

- Навремено, економично, и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;

- Постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи;

- Инспектор/ката е самостоен/јна при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор;

- При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспектор/ката ги превзема само оние инспекциски мерки согласно со законот, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што осебено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;

- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси;

- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка;

- При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспектор/ката се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;

- При вршење на инспекцискиот надзор инспектор/ката првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот

## 8. АКТИВНОСТИ СО УТВРДЕНА ДИНАМИКА

Инспектор/ката со цел да ги реализираат поставените целите на програмата има должност:

- **<u>да врши редовен инспекциски надзор</u>** и тоа на:
    - превозниците кои вршат авто-такси превоз на патници и превозниците кои вршат бесправен авто-такси превоз на патници со настојување за негова легализација
      *Рок: континуирано јануари – декември;*

- o превозниците кои вршат посебен општински линиски превоз и превозниците кои вршат бесправен посебен општински линиски превоз на патници
  *Рок: континуирано јануари – декември;*

- o превозниците кои вршат бесправен посебен линиски превоз на патници со настојување за негова легализација
  *Рок: континуирано јануари – декември;*

- o превозниците кои вршат општински линиски превоз на патници и тоа во поглед на исправноста на документите кои го следат превозот (лиценци, изводи од лиценци, дозволи за линии, почитување на возните редови)
  *Рок: квартално и тоа во месеците: март, јуни, септември и декември;*

- o превозниците кои вршат посебен линиски превоз на патници и тоа во поглед на исправноста на документите кои го следат превозот (лиценци, изводи од лиценци, дозволи, почитување на возните редови, договорот со списокот на патници
  *Рок: квартално и тоа во месеците: јануари, април, септември и декември;*
- o исполнување на посебно-техничко експлоатациони услови на возилата со кои се врши општински превоз на патници и авто-такси превоз на патници
  *Рок: континуирано јануари – декември;*

- ➢ **да врши контролни инспекциски надзори:** ќе се вршат за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- ➢ **да врши вонреден инспекциски надзор** и тоа: по поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни лица кога ќе согледааат неправилности согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за јавните патишта, како и во случај на сомневање на инспектор/ката за сторена повреда на Законот за превоз во патниот сообраќај.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- ➢ **да води управна постапка** и тоа: врз основа на инспекцискиот надзор составува записник и донесува решенија и други управни акти согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за општа управна постапка.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- ➢ **да спроведува постапки за порамнување** и тоа: секогаш кога ќе се согледааат неправилности согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- ➢ **да поднесува барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд или прекршочен орган во Министерството за транспорт и врски** и тоа: согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај и поврзани закони.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- ➢ **да врши едукација** и тоа: согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај.
- ➢ *Рок: континуирано*

- ➢ **да поднесува жалби** и тоа: согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај, Закон за инспекциски надзор,Законот за општа управна постапка и Законот за прекршоци.
  *Рок: по потреба во текот на годината.*

- ➢ **Води евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход**;
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

## 9. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

При вршењето на инспекцискиот надзор Овластен/ата инспектор/ка за патен сообраќај ќе соработува со:

- Полициска станица за безбедност на сообраќајот на патиштата при ПС Свети Николе и тоа при редовниот и вонреден инспекциски надзор согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за инспекциски надзор;

- Државен инспекторат за транспорт;

- Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

- Соработка со други органи и стручни установи при водењето на управната постапка.

## 10. АНАЛИТИЧКО – ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ

- Изработка на месечни извештаи
  *(Рок: континуирано во тек на цела година)*
- Изработка на квартални извештаи согласно позитивните законски одредби и нивно објавување на WEB страницата на Општина Свети Николе.
  *(Рок: квартално во месеците април, јули, октомври 2019 и јануари 2020 година)*
- Изработка на Годишен извештај за работата на Овластен/а инспектор/ка за патен сообраќај за 2018 година.
  *(Рок на поднесување: 01. 03. 2019 год, )*
- Изработка на Предлог - Програма за работа на Овластен/а инспектор/ка за патен сообраќај за 2019 година.
  *( Рок на поднесување: 15. 12. 2018 год, )*

## 11. ПЛАНИРАНО УЧЕСТВО НА РАБОТИЛНИЦИ, СЕМИНАРИ, ТРЕНИНЗИ И ДРУГИ ОБУКИ

- Работилници/обуки за нацрт-закони, правилници и други подзаконски акти во постапка за донесување , следење и имплементација на законската регулатива,новини во законската регулатива организирани од страна на Министерство за транспорт и врски ,ЗЕЛС, национални и меѓународни институции и организации;

- Стучни работилници за имплементација на одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај посебно во делот на инспекцискиот надзор и поврзани теми со Законот;

- Генерички обуки.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**0801 -400** **Совет на Општина Свети Николе**

**01.03. 2019 год.** **Претседател,**

**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈКП „Комуналец„ - Свети Николе за 2019 година бр. 0801- 401што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.03. 2019 година.

**Бр.0901-405/7**
**01.03. 2019 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 01.03. 2019 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишна Програма за работа на**
**ЈКП „Комуналец„ - Свети Николе за 2019 година**

1. Советот на Општина Свети Николе усвои Гоодишна Програма за работа на ЈКП „Комуналец„ - Свети Николе за 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 401**
**01.03. 2019 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за пристапување кон изработка на урбанистичка документација за КП бр. 8209/1 и КП бр. 8209/2КО Св. Николе-гр. , Општина Свети Николе бр. 0801- 402 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 01.03. 2019 година.

**Бр.0901-405/8** **Општина Свети Николе**
**01.03. 2019 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 и чл.26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( „Службен весник на Република Македонија“ број 51/05, 70/13) , а во врска со чл.10 став 4 од од Законот за постапување на бесправно изградени објекти ( „Службен весник на Република Македонија“ број 23/11, 31/16) , и Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 01.03.2019 година , донесе

**О Д Л У К А**
**за пристапување кон изработка на урбанистичка документација за КП бр. 8209/1 и КП бр. 8209/2КО Св. Николе-гр. , Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се пристапува кон изработка на урбанистичка планска документација за КП бр. 8209/1 и КП бр. 8209/2КО Св. Николе-гр.м.в. Мавровица заради вклопување на бесправно изграден објект со намена **домување во станбени куќи** за кој е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект под бр.1002-225 од 01.11.2018 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**Бр. 0801- 402** **Совет на Општина Свети Николе**
**01.03. 2019 година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за парична помош за кровна конструкција бр. 0801- 403 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.03. 2019 година.

**Бр.0901-405/9** **Општина Свети Николе**
**01.03. 2019 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.05/02), како и член 21 од Одлуката за извршување на Буџет на Општина Свети Николе за 2017 година бр.0801-579 од 29.12.2016 година, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 01.03.2019 донесе:

**О Д Л У К А**

**за парична помош за кровна конструкција**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе одобрува исплата на средства во износ од 20.000,00 денари на Црковниот Одбор на село Црнилиште на име финансиска помош за изградба на кровната конструкција на месната црква.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 од оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Свети Николе програма А0 на ставка 413 подставка 413 110( тековна резерва- непредвидени трошоци).

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801-403** **Совет на Општина Свети Николе**

**01.03.2019 година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Свети Николе за 2019 година бр. 0801- 404 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.03. 2019 година.

**Бр.0901-405/10** **Општина Свети Николе**
**01.03. 2019 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 12 став 1 точка 4 и став 2, член14 став 2 и 3 и член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести (“Службен весник на РМ“ бр. 66/04, 139/08 , 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), како и доставен план Елаборат со акционен план за спроведување на превентивна дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Свети Николе за 2019 година од ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес арх. бр. 82/1-3 од 08.02.2019 г. Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 01.03.2019 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за превентивна дезинсекција и дератизација**
**во Општина Свети Николе за 2019 година**

## I. ВОВЕД

Како резултат на глобалното затоплување и климатските промени постои можност за зголемување на бројот на заразни заболувања и појава на заболувања кои веќе се искоренети или биле присутни во минатото, како и појава на заболувања кои не се карактеристични за нашето подрачје. Како резултат на глобалното затоплување и климатските промени постои можност за појава на тропски и субтропски болести кои ги пренесуваат комарците и други вектори. Поволните природни услови и микроклиматски погодности обезбедуваат постојано присуство на бројни популации на комарци и други штетни инсекти. Присуството на комарците, крлежите и другите штетни инсекти, како и присуството на глодарите е перманенто присутен проблем кој мора да се решава и со тоа да се придонесе за обезбедување на поставената општествена цел - заштита на населението од од штетните влијанија на овие биолошки врсти.

## II. ЦЕЛИ

Целта на оваа Програма е интегрирано сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми, штетници и глодари. Заради заштита на населението во Општина Свети Николе од заразни болести, штетници и глодари потребно е превземање на превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Свети Николе. Со оваа Програма:

- Се регулира потребата од сузбивање на штетниците и глодарите;
- Се утврдува територијата на која ќе се спроведе дезинсекција и дератизација (површина и објекти);
- Се утврдува правното лице кое ќе ја спроведува дезинсекцијата и дератизацијата;
- Се утврдува начинот на финансирање.

## III. АКТИВНОСТИ

| Реден број | Мерки и активности | Место (локација) | Надлежна институција | Планирани средства | Временски период на активност |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дезинсекција | Свети Николе | Општина Свети Николе | Вкупно 250.000 денари | - Ларвина дезинсекција (март - април)<br>- Адултицидна дезинсекција (во мај и јуни) |
| 2. | Дератизација | - диви депонии<br>- јавни површини (парк, плоштад, пазар)<br>- канализациона мрежа | | | - Пролетна дератизација – (март - јуни)<br>- Есенска дератизација (септември-декември) |

## IV. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Спроведувањето на оваа Програма Општина Свети Николе ќе ја реализира во соработка со ЈКП Комуналец – Свети Николе, како и во соработка со Центар за јавно здравје – Велес.

За реализирање на активноста за превентивна дезинсекција предвидена со

Програмата, Општина Свети Николе ќе спроведе јавна набавка за избор на правни лица кои ќе ја спроведат превентивната дезинсекција, и деритизацијата. За реализација на активноста за превентивна дератизација ЈКП Комуалец ќе изврши евидентирање на површините за третирање, точките во канализациониот систем каде ќе се врши дератизација, отстранување на дивите депонии од јавните површини пред почеток на процесот на дератизација. За текот на спроведување на активностите, како и за датумите во кои е предвидено спроведувањето на превентивната дезинсекција и дератизација, населението на општина Свети Николеќе биде известувано преку веб страницата на Општина Свети Николе(www.svetinikole.gov.mk), како и преку локалните медиуми.

## V. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со реализација на оваа Програма се очекуваат следните резултати:

- Спроведување на редовна годишна превентивна дезинсекција и дератизација;
- Унапредување на здравјето на граѓаните на Општина Свети Николеи заштита од заразни заболувања;
- Ставање под контрола на размножувањето на штетниците и глодарите.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ

Активноста за вршење на превентивната дезинсекција и дератизација со оваа Програма ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Свети Николе за 2019 година Програма Е0 конто 424 230.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**Бр.0801-404**
**01.03. 2019 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Одлука за согласност на групи со поголем број на деца , односно помал

број на деца во ЈОУДГ “Рахилка Гонева” – Свети Николе за учебната2018/2019 година . . . . . . . . . . стр.1

2. Одлука за утврдување на работно време во ЈОУДГ “Рахилка Гонева” –

Свети Николе за учебната 2018/2019 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.2

3.Одлука за измена и дполнување на Одлуката за утврдување вредноста
на бодот за пресметување на плата на административните службеници во
ЈОУДГ „Рахилка Гонева Свети Николе„ за 2019 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.4

4.Измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно
земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.5

5. Програма за работа на општинскиот комунален инспектор во 2019 година .стр.5

6.Годишна програма за работа на овластен/ата инспектор/ка за
патен сообраќај за 2019 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..стр.10

7.Годишна програма за работа на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2019 година . . . . . . стр.14

8.Барање од Секторот за урбанизам за лицето И.Ј. за КП бр. 8209/1 . . . . . . . . .стр.15

9. од Црковен Одбор од с. Црнилиште . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..стр.15

10.Предлог – Програма за превентивна дезинсекција и дератизација
во Општина Свети Николе за 2019 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.16

**Бр.0801 - 406**
**01.03.2019 година**
**Свети Николе**